# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Закон за меѓународно приватно право |
| Одговорно лице и контакт информации: | Нада Симјаноска, раководител на одделение, nsimjanoska@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒**закон** |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒ Стратегија за реформа на правосудниот сектор |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на Извештајот на ЕНЕР: | Октомври 2019 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | ноември 2019 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | ноември 2019 |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | декември 2019 година |

1. **Опис на состојбите во обласа и дефинирање на проблемот**

*1.1 Опис на состојбите*

По изготувањето на Извештајот за степенот на усогласеност на националото законодавство на Република Северна Македонија со законодавството на Европска Унија, во кој беа идентификувани следниве ЕУ иструменти чие транспонирање треба да се изврши во Законот за меѓународно приватно право:

1. Регулативата на Европскиот парламент и на Советот бр. 1215/2012 за надлежноста и признавањето и извршувањето на судските одлуки во граѓанските и трговските работи (Брисел I - (новела)), од 12.12.2012 година - Regulation (EU) no **1215/2012** of the European Parliament and of the Council of 12 December 2012 on jurisdiction and the recognition and enforcement of judgments in civil and commercial matters (recast) (Brussels I) , (OJ L 351, 20.12.2012, p. 1-32);
2. **Регулативата на Европскиот парламент и на Советот бр. 864/2007** за меродавното право за вондоговорните обврски, од 31.07.2007 година (Рим II) - Regulation (EC) No. **864/2007** of the European Parliament and of the Council of 11 July 2007 on the law applicable to non-contractual obligations ("Rome II") OJ L 199, 31.7.2007, p. 40-49);
3. **Регулативата на Европскиот парламент и на Советот бр. 593/2008** за меродавното право за договорните обврски, од 17.06.2008 година (Рим I) - Regulation (EC) No. **593/2008** of the European Parliament and of the Council of 17 June 2008 on the law applicable to contractual obligations ("Rome I") (OJ L 177, 4.7.2008, p. 6-16);
4. **Регулатива на Советот бр. 2201//2003** за надлежноста и признавањето и извршувањето на одлуките во брачните работи и работите на родителската одговорност со која се става надвор од сила Регулативата на Советот бр. 1347/2000 во работите кои се однесуваат на издршката од 23 ноември 2003 година од 27.11.2003 година (Брисел II bis) - Council Regulation (EC) No. **2201/2003** of 27 November 2003 concerning jurisdiction and the recognition and enforcement of judgments in matrimonial matters and the matters of parental responsibility, repealing Regulation (EC) № 1347/2000 ("Brussels II-bis") (OJ L 338, 23.12.2003, p. 1-28);
5. **Регулативата на Советот бр. 4/2009** за надлежноста и признавањето и извршувањето на одлуките и соработка во работите поврзани со обврските за издржување, од 18.12.2008 година - Council Regulation (EC) No. **4/2009** of 18 December 2008 on jurisdiction, applicable law, recognition and enforcement of decisions and co-operation in matters relating to maintenance obligations (OJ L 7, 10.1.2009, p. 1-79);
6. **Регулативата на Советот бр. 1259/2010** за имплементирање соработка на подрачјето на меродавното право за разводот и законската разделба, од

*20.12.2010 година (Рим III)* - Council Regulation (EU) No. **1259/2010** of 20 December 2010 implementing enhanced co-operation in the area of the law applicable to **divorce** and legal separation ("Rome III") (OJ L 343, 29.12.2010, p. 10-16); и

7. **Регулативата на Европскиот Парламент и на Советот бр. 650/2012** од 4.07.2012 за надлежноста, меродавното право, признавањето и извршувањето на одлуките и прифаќањето и извршувањето на автентичните инструменти во прашањата на наследувањето и за создавање на Европски Сертификат за наследување, од 04.07.2012 - Regulation (EU) No. **650/2012** of the European Parliament and of the Council of 4 July 2012 on jurisdiction, applicable law, recognition and enforcement of decisions and acceptance and enforcement of authentic instruments in matters of succession and on the creation of a European Certificate of Succession (OJ L 201, 27.07.2012, p. 107-134).

Во текот 2015 година, врз основа на Извештајот, а со експертска помош обезбедена од Германското друштво за интернационална соработка (GIZ) и од домашни експерти од катедрата за меѓунродно приватно право Јустинијан Први и преставници од Министерството за правда изготвија Нацрт закон за меѓународно приватно право.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

.

## 2. Цели на предлог регулативата

Главна цел на законот е поедноставување и зголемување на ефикасноста на предметите за меѓународна правна помош, како и подобрување на меѓуинституционалната и меѓународната соработка.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Опцијата "не прави ништо" се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline).

Доколку се прифати вакво решение ќе продолжат да се јавуват проблемите во постапките за меѓународна правна помош што ќе влијае и на постапките пред домашните правосудни органи. Тоа особено се однесува на недореченост во поглед на надлежности, рокови на постапување, донесување на одлуки во одредени предмети.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Со овој закон се дефинираат улогите на сите чинители вклучени во процесот на меѓународна правна помош, меѓуинституционална соработка и меѓународна соработка воопшто. Со предложениот текст на законот се врши јасна распределба на улогата на секој од чинителите, јасно се дефинирани роковите, кои одлуки во кој степен во

постапката се донесуваат и од кого, како и членувањето и упатувањето во меѓународни организации од областа на меѓународната правна помош.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија - НЕМА*

*4.2 Фискални влијанија - ИМА*

*Донесувањето на предложеното законско решение има негативни финансиски импликации врз буџетот на Република Северна Македонија.*

*За Примената за Законот ке бидат потребни дополнителни финансиски средсва што бара обезбедување на поголем Буџет сметано од 2020 година.*

*4.3 Социјални влијанија - ИМА*

*4.4 Влијанија врз животната средина - НЕМА*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б) трошоци за имплементација на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

*Министеерство за надворешни работи на Република Северна Македонија, Министерство за труд и социлјална работи, Дипломатски конзуларни преставништва на РСМ во странство Министерство за финансии, Граѓански Основен суд Скопје и сите други судови во Република Северна Македонија, и Правен факултет "Јустинијан Први."*

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

***Добиени мислења кои се делумно прифатени и вгаредни***

***5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто***

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*Позитивни : Со донесување на законот ќе се надминат постојните проблеми со кои се соочуваат сите активни чинители, односно сите засегнати страни на кои се однесува законот.*
*Негативни : Донесувањето на предлог законот ќе предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*- Нема*

*Препорачано решение со образложение*

Со Донесување на нов Закон за меѓународно приватно право ке се унапреди меѓународниот правен промет во областа на институтот меѓународна приватна помош. Со Законот јасно се дефинираат основните начела на меѓународната соработка, видовите на меѓународна соработка, начинот на комуникација како помеѓу институциите во државата, така и во странство, со за прв пат предвидени решенија за членство во меѓународни организации, со определени рокови на постапување. Јасно се дефинираат и таксативно наведуваат причините поради кои може да се одбива меѓународна правна помош со што се зголемува сигурноста на странските држави во постапувањето по предметите во меѓународна правна помош во Република Северна Македонија. Се дефинираат видовите и начинот на постапување за секој вид на меѓународна соработка, при што се отстранети констатираните недостатоци од претходниот Закон и се дополнети во одредени случаи со нови решенија.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области.*

*Има потреба од менување на закони и подзаконски акти во областа или други сродни области.*

*7.2 нема отребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Министерство за финансии, Граѓански Основен суд Скопје, и сите други судови во Република Северна Македонија,

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Активно вклучување на сите чинители во спроведувањето на законот, ефикасно и навремено постапување на надлежните институции, соодветно преземање одгворност за начинот на спроведувањето, организирање на обуки, зајакнување на капацитетите на Министерство за правда-човечкиресурси и финансиски средства.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Министерството за правда согласно своите надлежности ќе го следи спроведувањето и ќе врши надзор, преку собирање, обработка и анализа на податоците за предметите од областа на меѓународната правна помош по кои постапува Министерството за правда како централен орган за меѓународна правна помош.

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

По истекот на три години од денот на неговата примена би можело да се даде соодветна евалуација на ефектите од примената на овој закон, кои би биле релевантен показател на ефектот на примена на одредбите од законот.

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:**

**.......................................**

**04.10.2019 година**

**потпис на министерот**